Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 13 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 13 декември 2022 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања,Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,м-р Беким Сали, министер за здравство, доц.д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа им-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи,д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа,Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски ид-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и ДушкоАрсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Бујар Османи, министерза надворешни работи, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа,Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со проектот ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација“ за министерскиот систем за информатичко општество и администрација, со дополнување

2. Информација за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проектот ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација“ за министерскиот систем за информатичко општество и администрација, со дополнување и притоа заклучи:

1. Министерството за информатичко општество и администрација, со вклучување консултанти, согласно забелешките изнесени на расправата на седницата, да го преработи материјалот (во кој ќе бидат содржани цели на реорганизација, кој ефект ќе се постигне, внатрешните процеси (дали се скратуваат, продолжуваат), начин на натамошно унапредување, финансиски аспект (дали се зголемуваат или намалуваат трошоците), дали се зголемува или намалува бројот на вработени, дали ќе се зголеми или намали бројот на институции и во кој временски период, анализа на преклопување на одговорностите во делот на интерните процеси и што се тоа значи за подобрување на услугите на граѓаните).

Исто така, Државниот архив на Република Северна Македонија да остане независен, Агенцијата за дигитална трансформација, Агенцијата за сајбер безбедност и Македонската академска истражувачка мрежа (МАРНет), да бидат една институција, односно орган кој за својата работа ќе одговара пред Владата на Република Северна Македонија, да се определи статус на Инспекцискиот совет и Агенцијата за администрација, Тренинг центарот да остане во рамките на Секретаријатот за европски прашања и можностите сите тренинзи да се префрлат во овој тренинг центар, како и други прашања покренати на седницата на Владата.

2. Преработениот материјал да се достави до Владата за разгледување по претстојните празници.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и барање одобрение за спроведување

на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата, задолжен за политики за добро владеење и Маја Ангеловска, надворешен советник за дигитализација, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во најкраток рок да подготват презентација за постојниот ДМС систем, со комплетна анализа за неговото досегашно функционирање (колку средства се потрошени досега, што е имплементирано од постоечкиот договор, што било предвидено да се имплементира и ако не е имплементирано кои се причините за тоа, кој дел од системот функционира, а кој не и сл.) и комплетни податоци за новиот ДМС систем (начинот на функционирање, што ќе опфаќа, аргументи за негова набавка и сл.).

За оваа цел, доколку е потребно да се изврши и консултација со експерти од конкретната област.

По изготвување на материјалот истиот пред да биде разгледан на седница на Владата, да биде презентиран на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација веднаш да го продолжи Договорот за модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)-за одржување на најкраток можен рок.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:05 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**